**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Министерството за економија, согласно Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2020 година – 4 сет мерки во 2020 година „Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 269 од 10.11.2020 година објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ГРАНТОВИ ЗА ЛИЦЕНЦИРАНИ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ

**1. Предмет на поддршка**: Издавање на грантови за лиценцирани туристички водичи
**2. Право на учество** имаат сите лиценцирани туристички водичи

На овој јавен повик немаат право на учество:

- Туристички водичи кои немаат Легитимација за работа издадена од страна на Здружението за водичи и придружници на Македонија.

- Туристички водичи кои се вработени во туристички агенции или други поврзани субјекти со дејноста односно вршат друга дејност

**3. Намена на средства**
Со цел поддршка на Туристичкиот сектор во Република Северна Македонија за време на Кризата со Ковид 19, Министерството за економија предвидува мерка за доделување на грантови на сите Лиценцирани Туристички Водичи.

**4. Износ на поддршка**
Износот на средства кој ќе биде доделен изнесува 65.000,00 денари по апликант.

**5.Начин на аплицирање**
- Субјектите до Министерството за економија доставуваат електронско барање преку платформата www.domasiedoma.gov.mk или www.pushimenevend.gov.mk за грантови за лиценцирани туристички водичи.

**6. Потребни документи за пријавување**
- ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА РАБОТА (документ издаден од Здружението на туристички водичи и придружници на Македонија);
- ПОТВРДА ОД АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ДЕКА НЕ Е ВО РЕДОВЕН РАБОТЕН ОДНОС;
- УВЕРЕНИЕ ОД УЈП ЗА ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ (персонален данок по основ на договор со туристичка агенција) и
- ДОГОВОР СО ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА за Ангажман како туристички водич во 2019 година.

**7. Краен рок за аплицирање**
Барањето со пропратната документација се доставува преку платформата **најдоцна до 28.11.2020 година.**

**НАПОМЕНА: Барањата за грантови за туристички водичи ќе се разгледуваат по принципот ПРВ ДОЈДЕН ПРВ УСЛУЖЕН (Барањето кое нема да биде комплетно ќе го завземе последното место по реден број на поднесување на датумот на комплетирање на барањето)**
**За потврда на веродостојноста на податоците во поднесената документација Министерството за економија ќе изврши проверка со УЈП, ЗТВМ и АВРСМ**

Комисија формирана од Министерот за економија ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви листа на одобрените барања.
Листата на одобрени барања на средствата за туристички водичи ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија.

**За подетални информации да се обратите на :**
**тел:(02) 3093 543; (02) 3093 536 и (02) 3093 540 е-маил: info@economy.gov.mk**